Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 17 точка 10 од Законот за одбрана („Службен весник на РМ“ бр. 42/2001 и 5/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 мај 2004 година, донесе

**Р Е З О Л У Ц И Ј А**
**ЗА РАЗВОЈ И ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ОДБРАНАТА**

Уважувајќи ја волјата на граѓаните на Република Македонија за мирен развој и просперитет, демократија, обезбедување на стабилност и безбедност,

Водејќи се од интересите на Република Македонија за политичко-одбранбена интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија, како и во другите системи за колективна безбедност,

Водејќи се од желбата за сопствен придонес и учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и пошироко,

Сметајќи ги Националната програма за членство во НАТО, ПАРП-процесот за планирање и преглед, Индивидуалната програма за Партнерство, Програмата за реализација на стратегиски одбранбен преглед на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 23-3084/1 од 23 јуни 2003 година, Политичката рамка и сите документи произлезени од Стратегискиот одбранбен преглед како главни инструменти за планско, целесообразно и долгорочно насочено трансформирање на одбраната на Република Македонија и нејзините вооружени сили,

Потврдувајќи ја желбата за сопствен придонес во развојот на одбраната и завршување на сите документи од Стратегискиот одбранбен преглед согласно со уставните и законските надлежности на органите на државната власт,

Собранието на Република Македонија

1. Одлучи да ја поддржи Програмата за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија донесена од Владата на Република Македонија како документ кој ќе обезбеди завршување на започнатите процеси и документи од Стратегискиот одбранбен преглед.

Собранието на Република Македонија цени дека со оваа резолуција и започнатите процеси на трансформација покрај долгорочно ориентиран развој на одбраната, ќе се обезбедат вистински и реални насоки за транзиција кон хармонизација на законодавството, документите и процедурите за трансформација, изградба, развој и ревизија на одбраната и вооружените сили компатибилни со НАТО.

2. Оваа резолуција ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2255/1
26 мај 2004 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.